Јас сум Моника Ацогли и од 2005 год. сум дел од Италијанската конфедерација на синдикати (Cgil).
Во моментов работам како покраински генерален секретар на Федерацијата на агро-индустриски работници на Италијанската конфедерација на синдикати за Лече.
Мојата главна активност откако се приклучив на Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai) е „уличниот синдикат" (sindacato di strada).
Дејствувањето на "sindacato di strada" е единствен начин да се стапи во контакт со работниците кои се вклучени во бербата по полињата.
Целта на оваа активност е да се прекине системот на нелегални работодавачи за сезонски работници.
Пред да започне оваа иницијатива, направив анализа на социо-економскиот контекст главно од причина што територијата на Лече е доста голема и составена од 97 општини.
Се служев со официјални извори на податоци, како што се Стопанската комора, националната институција за социјална сигурност, центарот за вработување и податоци кои лично ги преземав од интернет.
Нашите пријатели од комората за работни односи ни помагаат доста ефективно. Бидејќи нашата покраина е составена навистина од голем број општини, препорачливо е да се стапи во контакт директно со лицата кои најдобро ја познаваат секоја општина.
Неопходно е да се прават подготовки најмалку два месеци однапред за да може да се организира иницијативата.
Економските ресурси треба да се обезбедат од фондовите на Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai) на секое ниво, односно од: националниот, регионалниот и територијалниот синдикат.
Кога одиме на терен, најважно е на работниците да им понудиме разни предмети.
На последните кампањи, им понудивме сламени шапки и вода, но, исто така е важно на работниците да им дадеме и информативни материјали со детали за контакт со соработниците од Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai).
На самиот почеток се препорачува да се започне дијалог со префектурата, и потоа последователно неопходно е да се почне дијалог и со полицијата.
Се надеваме дека центрите за вработување исто така ќе бидат директно вклучени во оваа активност бидејќи тие може да ја потврдат нашата заложба за целата кампања.
Во покраината Лече постои воспоставена пракса за дијалог со префектурата преку таканаречената постојана округла маса. На оваа маса заедно се седнати синдикатите: Италијанската конфедерација на синдикати (Cgil), Италијанска конфедерација на работничките синдикати (Cisl) и Италијанскиот национален синдикат (Uil), Националниот труст на Италија (Fai), Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai) и Италијанскиот сојуз на земјоделски работници (Uila) и исто така и организациите на работодавачи Confagricoltura, Coldiretti и Cia; како и претставници на регионот, покраината и градоначалникот на општината Нардо; односно, општината каде е најприсутен проблемот со нелегалното вработување работници (caporalato).
Во текот на фазата на планирање на проектот, неопходно е да се разменуваат ставови со територијалната конфедерација; потоа за време на фазата на имплементација, најважен е пристапот на INCA (Национален институт за помош на конфедерацијата) чии совети се особено значајни.
Во Лече, канцеларијата за печат на Федерацијата на агро-индустриски работници на Италијанската конфедерација на синдикати (Flai Cgil) дава огромен придонес бидејќи и пред

започнување на активностите на терен се даваат соопштенија на сите весници за отпочнувањето и текот на целата активност.
Покрај тоа, во последните години организираме прес конференции во селата каде се сместуваат сезонските работници.
Исто така, со кампањата преку разни социјални мрежи споделуваме информации за сите дневни случувања, и споделуваме фотографии или стории за еден вообичаен ден.
Во последните две години, регионот на Апулија има основано такво село на поранешната “Бонкури фарма”, место каде престојуваат мигранти работници.
Мигрантите работници кои имаат регуларни дозволи за престој може да се сместат во неколку контејнери.
Во последните години, околу 300 мигранти работници престојуваа во овој центар.
Со селото управува Цивилната заштита и тоа е собирно место од каде се носат работниците за работа на полињата.
Со комбето на Федерацијата на агро-индустриски работници на Италијанската конфедерација на синдикати (Flai Cgil) за Апулија, тргнуваме на пат рано наутро.
Собирно место е селото каде се сместени сезонските работници. Вообичаено во селото се собираме околу 5 часот наутро и се движиме во групи по 3-6 луѓе. Соработниците од Inca(Национален институт за помош на конфедерацијата) може исто така да се присутни.
Потоа веднаш одиме на полињата каде се одвива бербата. По пристигнувањето на поле, се среќаваме со работниците за да им ги поделиме предметите кои ги имаме со нас (како што е сламена шапка) и почнуваме да разговараме за работата која ќе ја вршат.
Попладне се враќаме во селото бидејќи работниците се враќаат во селото во попладневните часови.
Благодарение на нашите соработници од Inca, можеме да им дадеме консултации во врска со нивната социјална сигурност.
Кога одиме на полињата, веднаш се забележува дали се присутни работодавачите, бидејќи кога работодавачите на сезонските работници не се таму, се забележува дека работниците покажуваат ентузијазам кон нас, и често не пречекуваат со насмевка.
Во спротивно, кога тие покажуваат индиферентност кон нас, веднаш е јасно дека работодавачот, или дури и претприемачот се во близина.
Податоците кои ги собираме во текот на целата сезона се внесуваат во табели и од тие табели потоа вршиме евалуација на позитивните и негативните аспекти како почетна основа.
Се надеваме дека сите социјални и институционални чинители проактивно ќе пристапат на појавата на нелегално вработување работници.
Во реалноста, наидуваме на став кој за нас е недоволен, во смисла дека тие чекаат, и само доколку бидат поттикнати ни даваат одговор, но, никогаш не се проактивни. Фазата на споделување секако дека може да се подобрува.
Се надеваме дека ќе може да се воспостави координација на национално ниво за споделување на најдобрите искуства и да можеме да ги утврдиме основните чекори за да може да се продолжи со теренските активности.
Би било соодветно доколку пред да се започне со активноста на уличниот синдикат ‘sindacato di strada’ да добиваме одредени геополитички сознанија бидејќи често потеклото на работниците од разни територии прави огромна разлика.